РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ
Су.бр.75 /19
22.02.2019 година
Радовиш

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ
# НА ОСНОВЕН СУД РАДОВИШ
# ЗА 2018 ГОДИНА

**ВОВЕД**

Основниот суд Радовиш во согласност со одредбите на Законот за судовите е суд со основна надлежност, кој постапува по:

- спроведување истрага и преземање истражни дејствија за определен вид кривични дела, односно постапување и одлучување во претходната постапка;
- кривични предмети за полнолетни сторители каде е предвидена казна затвор до 5 години;
- прекршочни предмети;
- извршување санкции од кривична и прекршочна материја;
- водење казнена евиденција;
- парнични предмети од сопственичко-правни односи, стамбени односи, работни спорови, спорови за надомест на штета, наследно-правни спорови, спорови од семејна област и друго;
- вонпроцесни предмети, вклучувајќи и уредување на меѓи, физички делби, лишување од деловна способност, давање дозвола за склучување на брак пред полнолетство и друго;
- оставински предмети;
- издавање платни налози и одлучување по приговори против платни налози;
- приговори против незаконитости на извршителите во извршувањето;
- издавање дозвола на извршителите за извршни дејствија во станот на должникот и друго.

**1. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА СУД**

Обемот на работа е прикажан во табеларниот дел од извештајот :

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 369 | 7079 | 70 | - 2 | 7516 | 7154 | 362 |

Во текстуалниот дел е направено споредување на обемот на работа во извештајната 2018 година во корелација со обемот на работа од претходната година, и тоа со показатели во однос на бројот на новопримени предмети, вкупниот број предмети во работа, бројот на решени и бројот на нерешени предмети кои го чинат заостатокот во работата кој се префрла за наредната година, и тоа за целиот суд и одделно по оддели, односно по вид на предмети.

Во извештајната 2018 година во Судот ново примени предмети во работа се 7079, повторно заведени се 70 предмети минус 2 погрешно заведени предмети, вкупно во работа во судот биле 7516 предмети, решени 7154 предмети, остаток 362 нерешени предмети на крајот на извештајната 2018 година, има намалување за 7 предмети во однос на остатокот од 369 нерешени предмети во 2017 година.

Во споредба со претходната година, во Судот во извештајната 2018 година биле примени 76 помалку предмети, со оглед на тоа што во 2017 година биле примени 7225 предмети. Судот вкупно во работа имал 7516 предмети споредено во претходната 2017 година кога имал вкупно во работа 7705 предмети или постапувал во 189 предмети помалку од претходната година.

Во однос на решените предмети може да се утврди дека во извештајната 2018 година со повторно заведените предмети биле решени вкупно 7154 предмети што претставува намалување за 182 предмети во споредба со претходната година кога биле решени 7336 предмети.

Кај нерешените предмети, евидентно е намалување на заостатокот, бидејќи на крајот од извештајната 2018 година останале нерешени 362 предмети, а во претходната 2017 останале нерешени 369 предмети, што претставува намалување за 7 предмети.

Во тој контекст, евидентно е минимално намалување на приливот и вкупниот обем на предмети во работа, што условува и намалување на бројот на нерешените предмети во Основниот суд Радовиш.

## 2. СУДСКА УПРАВА

| Вид на предмети од уписник | Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| СУ-СУ-07 | | 1140 | / | 1140 | 1140 | / |
| СУ-ДОВ и СУ-СТРДОВ | / | | | | | / |
| СУ-ИЗЗ | / | 63 | / | 63 | 63 | / |
| УПП | / | 3 | / | 3 | 3 | / |
| СПИ | 1 | 15 | / | 16 | 16 | |
| Вкупно | 1 | 1221 | | 1222 | 1222 | |

Според табеларниот приказ за извештајната 2018 година судот примил 1221 предмети од судска управа, остаток од 2017 години 1 предмет, вкупно предмети во работа имал 1222 предмети, решени се 1222 предмети, нема остаток на нерешени предмети на крајот од извештајната 2018 година.

## 3. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА НИВО НА СУД

| Решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 1356 | 146 | 10,76% | 44 | 3,24% | 21 | 1,54% |

Од табеларниот приказ за извештајната 2018 година квалитетот на ниво на судот е следниот:

Од вратените 213 предмети по жалба од Апелациониот суд Штип потврдени се 146 предмети -68.54% (или 10,76 % од вкупно решените предмети и повторно заведените предмети во работа, укинати се 44 предмети-20.65% (или 3,24 %) и 21 предмети се преиначени-9,85% или 1,54 % од решените предмети, и 1 предмет вратен од други причини.

## 4. ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 123 | 901 | 22 | / | 1046 | 942 | 104 |

Во кривичниот оддел во извештајната 2018 година биле примени (К, К-ПП, КС, ПРК) 901 предмети, повторно заведени 22 предмети, вкупно предмети во работа 1046 предмети, решени се 942 предмети, остаток на нерешени предмети 104 предмети.

Од тоа, кривични предмети со повторно заведените предмети се примени 145 предмети, односно за 14- предмети има намалување од претходната година. Решени се 159 предмети, односно за 2 предметi има зголемување од претходната година. Остатокот на нерешени предмети на крајот на извештајниот период е 29 предмети и е намален за 14 предмети во однос на 2017 година.

Во извештајната 2018 година примени се 57- К-ПП предмети, решени се 57 предмети, нема остаток на нерешени предмети на крајот од извештајната 2018 година.

Прекршочни предмети примени се 583 со повторно заведените 10 предмети, и остатокот од 80 нерешени предмети од претходната година, судот вкупно во работа имал 673, односно има зголемување за 96 од претходната

година. Решени се 598 предмети, односно за 9 помалку од претходната година. Остатокот од 75 нерешени предмети на крајот на извештајниот период е намален за 5 предмети од претходната година.

Во судот во кривичниот оддел е постапувано и по предмети во врска со извршување на санкции (ИПРК, ИКС, КУИКП, ИСКПСАМ, ИОИП, КР, ПРК-Р).

Од сите претходно наведени уписници во кривичниот оддел во судот примени се 2613 предмети, односно за 9 предмети има намалување од претходната година. Решени се 2624 предмети, вкупно во работа имал 2659 предмети, остаток на крајот од извештјаната 2018 годината има 35 предмети. Остатокот на нерешени предмети на крајот на извештајниот период е намален за 2 предмети во однос на претхната 2017 година.

Предмети во врска со извршување на прекршочни санкции се примени 380 односно помалку за 265 предмети од претходната година. Решени се 382 односно за 269 помалку од претходната година. Остатокот на 8 нерешени предмети на крајот на извештајниот период е намален за 2 предмети во однос на претходната година.

Судот во извештајната 2018 година примил КР-2002 предмети, со остатокот од 3 предмети од претходната година постапувал и решил 2005 предмети, нема остаток на нерешени предмети на карјот на извештајната година.

Извршување на кривични санкции примил 129 предмети постапувал во 138 решил 133 предмети, заостаток на крајот од извештајната 2018 година 5 предмети и е намален за 3 предмети во однос на претходната година.

КУИКП предмети судот примил 36 предмети со остатокот од 24 предмети постапувал во вкупно 60 предмети, решил 38 предмети, заостаток на крајот од извештајната 2018 година 22 предмети, заостаткот е намален за 2 предмети во однос на претходната година.

ИСКПАМ примил 3 предмети постапувал и решил 3 предмети нема остаток на нерешени предмети.

ПРК-Р примил 63 предмети постапувал и решил 63 предмети нема остаток на нерешени предмети.

Во Судот од претходната 2017 година останале нерешени 43 кривични предмети, новопримени се 139 предмети, повторно заведени предмети 6 така што Судот во 2018 година вкупно во работа имал 188 предмети.

Во извештајната 2018 година вкупно се решени 159 кривични предмети, останале нерешени 29 предмети, а заостатокот во однос на претходната година е намален за 14 предмети.

Судијата Андон Атанасов завршил 2 предмети.

Судијата Костадин Петров завршил 50 предмети.

Судијата Лимонка Долдурова завршила 48 предмети.

Судијата Лила Цветаноска завршила 59 предмети

Во извештајната 2018 година во Основниот суд Радовиш новопримени биле 583 прекршочни предмети, повторно заведени 10 предмети, а како нерешени од претходната година биле пренесени 80 предмети, така што Судот постапувал по вкупно 673 предмети. Судот решил 598 предмети, а останале нерешени 75 предмети.

Судијата Андон Атанасов завршил 138 предмети. .

Судијата Костадин Петров завршил 145 предмет.

Судијата Лимонка Долдурова завршила 158 предмети.

Судијата Лила Цветаноска завршила 157 предмети.

Во извештајната 2018 година во Основниот суд Радовиш новопримени се 122 -КС- КР предмети, со повторно заведените 6 или вкупно во работа 128 предмети, решени се 128 предмети остаток на крајот од извештајната 2018 година нема.

Индивидуално по судија,

СудијатаЛила Цветаноска решила 44 предмети и

Судијата Костадин Петров решил 41 предмет и

Судијата Лимонка Долдурова решила 43 предмети.

Во однос на извршувањето санкции ИПРК во извештајната 2018 година новопримени се 380 предмети со остатокот од 10 предмети од претходната година судот вкупно во работа имал 390, решени се 382 предмети, останале нерешени 8 предмети.

Индивидуално по судија, судијата Андон Атанасов завршил 96 -ИПРК предмети, судијата Лимонка Долдурова завршила 96-ИПРК предмети, судијата Костадин Петров завршил 96- ИПРК предмети и судијата Лила Цветаноска завршила 94- ИПРК предмети.

ИКПСАМ- судијата Костадин Петров завршил- 3 предмети.

КУИКП -судијата Костадин Петров завршил- 38 предмети.

ПРК-Р - судијата Костадин Петров завршил -63 предмет.

ИКСП-судијата Костадин Петров завршил - 133 предмети.

При извршувањето на казната затвор се наидува на сериозни тешкотии кои не се во непосредниот домен на судското функционирање, бидејќи мнозинството од предметите не можат да се завршат како последица на неможноста од обезбедување на осудените лица, кои се недостапни за органите на прогонот поради непознато престојувалиште или се во бегство, односно преполнетоста на сместувачките капацитети во казнено поправните установи што оневозможува редовен прием на сите упатени лица на издржување на казната.

## 5. КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА КРИВИЧЕН ОДДЕЛ

| Решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 942 | 51 | 5,41% | 13 | 1,38% | 10 | 1,06% |

Од табеларниот приказ за извештајната 2018 година квалитетот на ниво на Кривичен оддел е следниот:

Од вратените 74 предмети по жалба од Апелациониот суд Штип потврдени се 51 предмет 68,9% (или 5,41 % од вкупно решените предмети) укинати се 13 предмети 17,56% (или 1,38% од вкупно решените предмети) и 10 предмети се преиначени 13,51% (или 1,06 % од решените предмети по кои е дозволен редовен правен лек) .

Од жалбена постапка во Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 16 кривични предмети.

Индивидуално по судија, кај судијата Андон Атанасов, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 1 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени се 1 предмети 100,% или (50 % од вкупно решените предмети на судијата)

Кај судијата Костадин Петров, во текот на извештајниот период од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 5 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени се 3 предмети 60,% или (6 % од вкупно решените предмети на судијата), 1 делумно укинат 20% (или 20% од вкупно решените предмети на судијата и 1 преиначен 20% ( или 20% од вкупно решените предмети на судијата.

Кај судијата Лимонка Долдурова , во текот на извештајниот период од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд вратени се 4 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени се 3 предмети 75,% или (6,25 % од вкупно решените предмети на судијата), и 1 укинат 25% ( или 2,08% од вкупно решените предмети на судијата.

Кај судијата Лила Цветаноска, во текот на извештајниот период од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 4 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени се 2 предмети 50,% или (3,38 % од вкупно решените предмети на судијата), и 2 преиначени 50% ( или 3,38% од вкупно решените предмети на судијата

Кај судијата Нојко Арсов вратени се 2 предмети во извештајната 2018 година, на кој судиската функција му престана во месец септември-2017 година поради исполнување на условите за старосна пензија.

Од жалбена постапка во Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 54 прекршочни предмети.

Од вратените 54 предмети по жалба од Апелациониот суд Штип потврдени се 39 предмет 72,22% (или 6,52 % од вкупно решените предмети) укинати се 10 предмети 18,51% (или 1,67% од вкупно решените предмети) и 5 предмети се преиначени 9,25% (или 0,83 % од решените предмети по кои е дозволен редовен правен лек) .

Индивидуално по судија, кај судијата Андон Атанасов, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 17 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени се 10 предмети 58,82 % или (7,24 % од вкупно решените предмети), укинати се 4 предмети 23,52% (2,89 % од вкупно решените предмети), преиначени се 3 предмети 17,64 % (2,17 % од вкупно решените предмети

Кај судијата Лимонка Долдурова, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 14 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени се 13 предмети 92,85 % или (8,22 % од вкупно решените предмети), укинати се 1 предмети 7,14% (0,63 % од вкупно решените предмети).

Кај судијата Лила Цветаноска, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 20 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени се 15 предмети 75 % или (9,55 % од вкупно решените предмети), укинати се 4 предмети 20% (2,54 %

од вкупно решените предмети) и 1 преиначен 5% (или 0,63% од вкупно решените предмети на судијата).

Судијата Костадин Петров, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд вратени се 3 предмети од жалбената постапка. Од вратените 1 (еден) предмет е потврден 33,33% (или (0,68 % од вкупно решените предмети), 1 (еден) предмет е преиначен 33,33% (или 0,68% од вкупно решените предмети) и 1 предмет е укинат 33,33% ( или 0,68% од вкупно решените предмети на судијата).

Од жалбена постапка во Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 4- КС предмети.

Од вратените 4 предмети по жалба од Апелациониот суд Штип потврдени се 2 предмети 50,% (или 1,56 % од вкупно решените предмети) и 2 предмети се преиначени 25% (или 1,56 % од решените предмети по кои е дозволен редовен правен лек) .

Индивидуално по судија, кај судијата Костадин Петров, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 1 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени се 1 предмет 100 % или (2,43 % од вкупно решените предмети)

Индивидуално по судија, кај судијата Лила Цветаноска, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 3 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени се 1 предмет 33,33 % или (2,27 % од вкупно решените предмети), преиначени се 2 предмети 66,66 % (2,27 % од вкупно решените предмети).

## 4/1 ПРЕДМЕТНО РАБОТЕЊЕ НА НИВО НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

| Нерешени предмети на почеток на годината | Новопримени предмети | Предмети повторно во работа | Погрешно заведени | Вкупно предмети во работа | Решени предмети | Останати нерешени предмети |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 114 | 360 | 47 | -2 | 519 | 414 | 105 |

Во Граѓанскиот оддел во извештајната 2018 година (парнични предмети – МАЛВ, П1, П2, П3, П4, П5, РО, ПЛ-1, ВПП, ВПП1, О1, ППНИ, П-ПОВ) биле примени 360 предмети, повторно заведени 47 предмети, 2 (два) предмети погрешно заведен вкупно предмети во работа 519 предмети, решени се 414 предмети, остаток на нерешени предмети 105 предмети.

Од тоа, (парнични предмети – МАЛВ, П1, П2, П3, П4, П5, РО, ПЛ-1, ВПП, ВПП1, О1, ППНИ, П-ПОВ) со повторно заведените предмети се примени 407, односно за 219 предмети има намалување од претходната година. Решени се 414 предмети, односно за 281 предмети има намалување од претходната година.

Остатокот на нерешени предмети на крајот на извештајниот период е намален за 9 предмети.

Во извештајната 2018 година, во Судот биле примени 177 и 26 повторно заведени (парнични предмети – МАЛВ, П1, П2, П3, П4, П5, РО, П-ПОВ,) а од претходната година биле пренесени 88 предмети, така што вкупно во работа имал 291 предмети, 2 (два) погрешно заведени предмети.

Во Судот се решени 414 предмети и останале 105 незавршени предмети.

Индивидуално по судија, судијата Андон Атанасов завршил 75 предмети, судијата Лимонка Долдурова завршила 80 предмети, судијата Лила Цветаноска завршила 80 предмети.

Кај предметите од уписникот „ВПП“, примени со повторно заведените се 154 предмети, што заедно со заостатокот од претходната година, кој изнесувал 18 предмети, го дава вкупниот обем на работа од 172 предмети. Од истите, решени се 124 предмети и останале незавршени 48 предмети.

Од тоа, судијата Андон Атанасов завршил 41 предмети, судијата Лимонка Долдурова завршила 40 предмети, судијата Лила Цветаноска завршила 43 предмети.

Кај предметите од уписникот „ВПП 1“, примени се 9 предмети, заостатокот од претходната година нема, вкупно во работа 9 предмети, од кои решени се 7 предмети остаток 2 (два) нерешени предмети.

Од тоа, судијата Андон Атанасов завршил 4 предмети, судијата Лимонка Долдурова завршила 1 предмети и судијата Лила Цветаноска завршила 2 предмети.

Кај предметите од уписникот „ПЛ-1“, примени се 10 предмети, што заедно со заостатокот од претходната година, кој изнесувал 4 предмети, го дава вкупниот обем на работа од 14 предмети. Од истите, решени се 10 предмети и останале незавршени 4 предмети.

Од тоа, судијата Андон Атанасов завршил 4 предмети, судијата Лимонка Долдурова завршила 3 предмети и судија Лила Цветаноска завршила 3 предмети.

Кај предметите од уписникот „О1“, примени се 3 предмети со остатокот од 2 (два) нерешени предмети вкупно во работа 5 (пет) предмети од истите, решени се 3 предмети и остаток 2 предмети на крајот од извештајната 2018 година

Од тоа, судијата Андон Атанасов завршил 1 предмет, судијата Лимонка Долдурова 1 (еден) предмет и судијата Лила Цветаноска завршила 1 предмети и остаток на крајот од извештајната 2018 година 2 предмети.

Кај предметите од уписникот „ППНИ“, примени се 28 предмети со остатокот од 2 (два) неречени предмети вкупно во работа 30 предмети. Од истите решени се 30 предмети нема остаток на нерешени предмети на крајот од извештајната 2018 година.

Од тоа судијата претседателот на судот-судијата Костадин Петров завршил 9 предмети, судијата Андон Атанасов решил 2 (два) предмети, судијата Лила Цветаноска- 16 предмети, судијата Лимонка Долдурова- 3 предмети нема остаток на нерешени предмети.

Во судот во Граѓанскиот оддел освен по (парнични предмети – МАЛВ, П1, П2, П4, П5, РО, П-ПОВ и ПЛ-1, ВПП, ВПП1, О1, ППНИ, наведени погоре во извештајот) во судот е постапувано и по предметите од уписниците( РП, ИДС, ИЗС, ЗАМ-С, ЗАВ-Апостиле) и тоа :

Кај предмети од уписникот РП примени и решени се 871 предмети, без остаток на крајот од извештајната година.

Кај предмети од уписникот ИДС примени и решени се 6 предмети, без остаток на крајот од извештајната година.

Кај предмети од уписникот ЗАМ-С примени и решени се 21 предмети, без остаток на крајот од извештајната година 2018 година од кои претседателот на судот –судијата Костадин Петров завршил 21 предмети.

Кај предметите од уписникот ЗАВ примени се 949 предмет, со сотаокот од 1-предмет од 2017 година, вкупно во работа 950 предмети, решени се 950 предмети, нема остаток на нерешени предмети на крајот на 2018 година.

Во извештајната 2018 година во судот се примани 136 оставински предмети со заостатокот од 85 предмети од 2017 година вкупно во работа нотарот како повереник на судот постапувал по 221 предмети, од кои решени се 103 предмети евидентиран е остаток од 118 предмети, односно зголемен е бројот на заостатокот за 33 предмети од претходната година.

Во тој контекст, треба да се укаже дека со исполнувањето на условите за старосна пензија на нотар Јован Стојчев од Радовиш на 12.01.2018 година оставинските предмети во текот на месец април-2018 година беа предадени на нотар Јанко Милушев од Струмица определен како повереник на Основен суд Радовиш. Во текот на извештајната 2018 година беа вршени контролни посети од страна на Судот на нотарската канцеларија со цел решавање на оставинските предмети, со тендеција за намалување на заостатокот на нерешените оставински предмети.

## 5/1 КВАЛИТЕТ НА ПРЕДМЕТИ НА НИВО НА ГРАЃАНСКИ ОДДЕЛ

| Решени предмети | потврдени | | укинати | | преиначени | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број | број | % | број | % | број | % |
| 414 | 95 | 22,94% | 31 | 7,48% | 11 | 2,65% |

Од табеларниот приказ за извештајната 2018 година квалитетот на ниво на Граѓански оддел е следниот:

Од вратените 139 предмети по жалба од Апелациониот суд Штип потврдени се 95 предмети или 68,34 % или (22,94 %од вкупно решените предмети) укинати се 31 предмети 22.30% (или (7,48% од вкупно решените предмети) 11 предмети се преиначени 7,91 % (или 2,65% од решените предмети) по кои е дозволен редовен правен лек, 1 (еден) предмет е вратен од други причини.

Од жалбена постапка во Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 92 парнични предмети ( Малв, П1, П2, П3, П4, П5).

Индивидуално по судија, кај судијата Андон Атанасов, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 50 предмети од жалбената постапка.

Од вратените 50 предмети, потврдени се 32 предмети 64% или (25,19 % од вкупно решените предмети), преиначени се 2 предмети 4% или (1,57 % од

вкупно решените предмети) и 14 предмети се укинати 28% (или 11,02% од вкупно решените предмети).

Кај судијата Лимонка Долдурова, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 35 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени се 23 предмети или 65,71 % (1796 % од вкупно решените предмети) 6 предмети се укинати или 17,14% (4,68 % од вкупно решените предмети) и 5 преиначени предмети 14,28% (или 3,90% од вкупно решените предмети на судијата).

Кај судијата Лила Цветаноска, во текот на извештајната 2018 година од Апелациониот суд Штип вратени се 49 прдмети од жалбена постапка. Од вратените 37 се потврдени или 75,5% ( 24,66% од вкупно решените предмети, 2 предмети укинати или 4,08% ( 1,33% од вкупно решените предмети) и 10 укинати 20,40% ( или 6,66% од вкупно решените предмети).

Во извештајната 2018 година, од жалбената постапка во Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 1-ПЛ-1 предмет, од кои 1 укинат -100% или (10 % од вкупно решените)

Индивидуално по судија, кај судијата Андон Атанасов, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 1 предмет од жалбената постапка. Од вратените предмети, укинат е е 1 (еден) предмет 100% или (25 % од вкупно решените предмети).

Во извештајната 2018 година, од жалбената постапка во Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 20- ВПП предмети, од кои потврдени се 9 предмети или 45, % (7,25% од вкупно решените), укинати се 11 предмети или 55 % (8,87 % од вкупно решените).

Индивидуално по судија, кај судијата Андон Атанасов, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 10 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени се 4 предмети или 40 % (9,75 % од вкупно решените предмети) и 6 предмети се укинати или 60 % (14,63 % од вкупно решените предмети).

Кај судијата Лимонка Долдурова, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 7 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени 5 предмети или 71,42 % (12,5 % од вкупно решените предмети), 2 предмети се укинати или 28,57% (5% од вкупно решените предмети).

Кај судијата Лила Цветаноска, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 3 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, укинати се 3 предмети или 100, % (6,97 % од вкупно решените предмети).

Во извештајната 2018 година, од жалбената постапка во Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 23-ППНИ предмети, од кои потврдени се 18 предмети или 78, 26% (60% од вкупно решените), укинати се 4 предмети или 17,39 , % (13,33% од вкупно решените) и 1преиначен 4,34% или( 33,33% од вкупно решените предмети.

Кај судијата Костадин Петров, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 4 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени 3 предмети или 75,% (33,33 % од вкупно решените предмети), 1 предмети се укинати или 25% (11,11% од вкупно решените предмети).

Кај судијата Лила Цветаноска, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 17 предмети

од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени се 13 предмети или 16,46 % (43,33% од вкупно решените предмети), 3 укинати или 17,64%(10% од вкупно решените предмети) и 1 преиначен 5,88% или( 3,33% од вкупно решените предмети).

Кај судијата Андон Атанасов, во текот на извештајниот период, од Апелациониот суд Штип како непосредно повисок суд се вратени 2 предмети од жалбената постапка. Од вратените предмети, потврдени се 2 предмети 100% или (100% од вкупно решените предмети).

Во Извештајната 2018 година од жалбената постапка во Апелациониот суд се вратени 3 предмети од уписникот О1, од кои од вратените 3 предмети од жалбена постапка 3 (три) предмети се укинати 100% (или 100% од вкупно решените предмети)

Кај судијата Андон Атанасов во текот на извештајната 2018 година вратен е 1 предмет од жалбена постапка. Од вратените 1 (еден) предмет 1 предмет е укинат 100% (или 100% од вкупно решените предмети).

Кај судијата Лила Цветаноска во текот на извештајната 2018 година вратени се 2 предмети од жалбена постапка. Од вратените 2 (два) предмети се укинати.

Од уписникот ВПП1 нема обжалени предмети.

## 6. НЕРЕШЕНИ СТАРИ ПРЕДМЕТИ

Во текот на извештајната 2018 година судот постапувал по 52 (педесет и два) стари нерешени предмети со пренесените 21 предмети од 2017 година. Од нив судот постапувал по 5 - Кривични предмети, 15 –КУИКП предмети, 9- ПРК предмети, -3КС- предмети, 2- ВПП предмети, 1-П-ПОВ- предмет, 1-РО предмет, 1-МАЛВ-предмет, 3-П1-предмети, 2-П4- предмети, 1-Пл1-предмет и 9 - оставински предмети, од нив решени се 2 кривични предмети, 3- КУИКП, 3-КС предмети, 2 - ПРК, 1-ПЛ1 -предмет, 1-П-Пов -предмет, 1-РО-предмет, ВПП-2 предмети, 2-П1 -предмети, 1-П4 -предмет и 1 оставински предмети останале во работа 33 нерешени стари предмети на крајот на извештајната година.

По видови на предмети на крајот на 2018 година останале нерешени 3-(три) кривични предмети тоа: (Кбр.145/17 в.в. 153/16, К.бр. 2/18 в.в 180/15 и К.бр. 148/16), 8-(осум) оставински предмети тоа: (О.бр.119/15, О.бр. 194/17 в.в 209/15 новопронајден имот, 38/16, О.бр. 57/16, О.бр. 59/16, О.бр. 109/16, О.бр. 172/16, О.бр. 183/16), 12(дванаесет) предмети за извршување казна затвор и тоа: (КУИКП бр. 23/13, 11/14, 30/14, 27/15, 34/13, 7/14, 17/14, 16/15, 18/15, 30/15, 18/16 и 19/16), 7-прекршочни предмети и тоа: ПРКС-189/16 в.в 1310/15, ПРК-Ј бр. 66/15, ПРК-С бр. 215/17 в.в 266/16, ПРК-С. бр. 300/16 в.в 105/16, ПРК-С бр. 134/17 в.в 206/16, ПРК-С бр. 135/17 в.в 225/16 и ПРК-С бр. 214/17 в.в 197/16, 1 (еден) МАЛВ.бр. 43/16, 1 (еден) П1 бр. 34/17 в.в П1 бр. 16/16 и 1 (еден) П4 бр. 53/17.

Во врска со старите нерешени предмети појаснуваме дека најголемиот дел над 2 , 3 и 4 години се од уписникот КУИКП односно 12 предмети, од кои дел се по барање на податоци-ургенција до МВР Полициска станица НК за КР Радовиш на судијата за извршување на санкции, судот е известен дека за осудените по наведените предмети се распишани меѓународни потерници и истите се недостапни на надежните органи за извршување на изречените санкции. Останатите предмети сметатаме дека согласно динамиката за

решавање на старите предмети ќе се настојува да бидат решени во првиот квартал на годината.

## 7. ПРОСТОРНИ КАПАЦИТЕТИ, ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА И ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ

По однос на просторните капацитети, информатичката технологија и човечките ресурси, како и претходната така и извештајната 2018 година претставуваат фактор кој има свој негативен одраз врз функционирањето на Судот, бидејќи истиот е сместен во зграда во која, покрај него, се сместени и Основното јавно обвинителство Радовиш и подрачните единици на Агенција за катастар на недвижности и Управата за јавни приходи. Сите овие органи користат заеднички влез, заедничко дворно место и делумно заедничка инсталација, кое нешто предизвикува проблеми од организационен карактер, особено во делот на обезбедувањето соодветна безбедност на луѓето и имотот во судската зграда во услови на недоволна опременост.

Во тој контекст, со цел за остварување минимални стандарди за безбедност на вработените и имотот во Судот, од исклучителна важност е одобрените средства за инсталација на опрема и спроведената јавна набавка за видео надзор, но неопходно е да бидат одобрени финансиски средства и за поставување врата за контролиран пристап.

Судот не располага со посебна библиотека, а стручната литература примарно се набавува во форма на донација.

Основниот суд Радовиш располага со следната информатичка опрема:

**Компјутери:**

P3 FS, 512MB RAM, 20 GB HDD, 15" CRT монитор ...............2 бр. – 2002 год.
P4 Dell, 512MB RAM, 20 GB HDD, 15" CRT монитор .............1 бр. – 2004 год.
P4 Anhoch Pixio, 2GB RAM, 320GB HDD, 19" LCD монитор .. 3 бр. – 2009 год.
P4 Grait Wall, 512MB RAM, 17" LCD монитор ........................ 2 бр. – 2009 год.
P4 FS I3, 4GB RAM, 500GB HDD, 22" LCD монитор .. 2 бр. – 2014 год.
P4 ,I3, 4GB RAM, 120 GB" SSD,19"LED монитор .........................7 бр. – 2017 год.
P4 ,I5, 4GB RAM, 120 GB" SSD,21"LED монитор .........................8 бр. – 2018 год.

**Принтери:**

HP LaserJet 1018 ........................... 14 бр.
HP LaserJet 1022 ........................... 1 бр.
HP LaserJet 1005 ........................... 2 бр.
Lexmark E260dn ............................ 2 бр.
Canon LBP2900 ............................ 1 бр.
Minolta 1100L ............................ 1 бр.
Canon LBP6000 ............................ 1 бр.
Samsung SCX 4300……………….. 1 бр.

**Мрежна опрема:**

Switch Cisco Catalyst 2950 24 port ..... 1 бр.
Switch HP ProCurve 2910 48 port.........1 бр.
Check Point ........................................ 1 бр.

По однос на состојбата на судските сали, Основниот суд Радовиш располага со три судници, во судница 2 се користи еден компјутер од ставката P4 Anhoch Pixio, 2GB RAM, 320GB HDD, 19” LCD монитор и во судница 1 и 3 се користат по еден комјутер од ставка P4 ,I5, 4GB RAM, 120 GB” SSD,21”LED монитор и принтер HP 1018. Само една од салите е опремена со опрема за тонско снимање на текот на судските рочишта, така што објективно не може да се обезбеди во целост имплементација на законските одредби кои налагаат должност на судот за тонско снимање на текот на судските рочишта.

Неопходно е да се акцентира дека со одобрените финансиски средства за набавка на 7 (седум) компјутери на крајот на 2017 година и набавката на 8 (осум) компјутери во текот на 2018 година состојбата со информатичката опрема во значителна мера е подобрена а со тоа функционирање на системот АКМИС и останатата судска работа односно целокупното функционирање на Судот.

Во текот на извештајната 2018 година, судиската функција во Основниот суд во Радовиш ја извршуваа Претседателот и 3 (три) судии, Судот работеше со помал број на судии (шест судии утврден со Одлука на Судски совет на РМ) кои ја извршуваа судиската функција како во граганска така и во кривична материја.

Со решение на Судскиот совет на РМ, судијата Лилјана Додевска повторно беше делегирана во Основниот суд Свети Николе.

Во тој контекст, судиската функција во Основниот суд Радовиш во текот на 2018 година ја вршеа Претседателот кој постапуваше по предмети во надлежност на Претседателот на Судот согласно Законот за судовите, Судскиот деловник и други законски прописи како и судечки судија во кривични и прекршочни предмети и три судии постапуваа во предмети според годишниот распоред за работа за 2018 година.

Поради малиот број на судии во Основен суд Радовиш, судот се соочуваше со проблеми во текот на работењето во смисла на тоа што како судии бевме преоптеретени со работа, давајки го максимумот во нашата ангажираност со што успеавме да го совладаме приливот на ново примени предмети во текот на 2018 година како и да го намалиме заостатокот на нерешени предмети за 7 предмети.

Имајќи го во предвид Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места во Основен суд Радовиш од 01.04.2015 година, во Судот се непополнети 15 работни места и тоа: 1 раководител на служба, 1- судски советник, 1- виш судски соработник, 1- помлад судски соработник, 2- Виш судски рефернт, 3-судски референти-дактилографи, 1 самостоен судски референт – технички секретар на претседателот на Судот, 1- судски референт-прием и експедиција на пошта, 1 хаус мајстор, 1 хигиеничар, 1 оператор на телефонска централа, 1-помлад судски рефрент-доставувач

Во текот на 2018 година за 1 судски референти-дактилограф и 1 помлад судски рефрент –доставувач на кои им престана работниот однос поради исполнување на условите за староснa пензија со наполнети 62 односно 64 години и најмалку 15 години стаж на осигурување во текот на 2017 година беше дадена согласност за пополнување на овие работни места, но поради потребата за измена на Законот за судска служба постапката за вработување на двајца судски службеници на крајот на извештајната година со распишување на јавен оглас ќе биде реализирана во прviот квартал од 2019 година.

Со намалувањето на бројот на судските службеници како претходната така и во извештајната 2018 година, непотполнетите работни места како и старосната структура на вработените, природниот одлив (исполнување на условите за страосна пензија), и неможноста за обезбедување финансиски средства за нивно финансирање со што не е дозволено пополнување на непотполнетите места во судската служба, Судот се соочува со проблем на редовно и нормално функционирање во постапување согласно утврдената надлежност и законските прописи.

Во текот на 2018 година од страна на судиите и судските службеници во Основниот суд Радовиш беа реализирани обуки согласно Планот и календарот на обуките на Академијата за судии и јавни обвинители. На обуките учествуваа судии и судски службеници од кривичниот и граѓанскиот оддел согласно интересот на судиите и судските службеници за потребите за примена на законските одредби и подобрување на процесот на работа.

Во извештајната 2018 година се спроведени 9 (девет) постапки за јавна набавка врз основа на Годишниот план за јавни набавки согласно со одредбите на Законот за јавни набавки.

Во тој контекст, склучен е договор за набавка на масло за горење – екстра лесно 1(ЕЛ-1) во вредност од 265.331 денари, јавна набавка на канцелариски материјал во износ од 56.743 денари, информатичка опрема во износ од 227.484. денари, фотокопир во износ од 39.112 денари, видео надзор во износ од 58.468 денари, телефонска централа- 104.819 денари, клима уреди – 242.313 денари, електрична пумпа-35.900 денари, метални ормари- 179.903 денари

Спроведена е една јавна набавка на хартија за печатење и копирање од страна на Апелациониот суд Штип за потребите на Основен суд Радовиш и централизирани јавни набавки за мобилни телефони и интернет услуги спроведени од Судски совет на РМ.

За покривање на трошоците на функционирање на Основен суд Радовиш во извештајната 2018 година, од страна на Судскиот буџет се одобрени вкупно 18.453,934 денари, од кои се искористени 18.392,042 денари, односно остварена е реализација од 99,67 %.

За покривање на трошоците на функционирање на Основен суд Радовиш во извештајната 2018 година, на сметката на Судот на која се слеваат средства од наплатени паушали- сопствени приходи се обезбедени 1.238.348,оо денари, од кои со одобрение на Судскиот буџетски совет се искористени 933.440,00 денари, односно 75,38 % се реализирани.

По ставки, состојбата е следна:

Редовна сметка **603 -2018** година ( во денари)

| Ставка | Одобрени средства | Потрошени средства | реализација % |
|---|---|---|---|
| 401 | 11.819.861 | 11.782.345 | 99,68% |
| 402 | 4.371.672 | 4.371.672 | 100% |
| 404 | 5.000 | 5.000 | 100% |
| 420 | 4.000 | 4.000 | 100% |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 421 | 1.410.000 | 1.409.976 | 100% |
| 423 | 200.000 | 199.668 | 99.83% |
| 424 | 70.000 | 69.747 | 99.64% |
| 425 | 300.000 | 299.569 | 99.86% |
| 426 | 50.000 | 27.464 | 54.93% |
| 464 | 223.401 | 222.601 | 99.64% |
| **ВКУПНО:** | 18.453.934 | 18.392.042 | 99,67% |

Сопствена сметка **631 -2018**година ( во денари)

| Ставка | Одобрени средства | Потрошени средства | реализација % |
|---|---|---|---|
| 421 | 270.000 | 19.604 | 7.2% |
| 423 | 23.000 | 19.375 | 84.24% |
| 480 | 945.348 | 594.461 | 94.62% |
| ВКУПНО: | 1.238.348 | 933.440 | 75.38% |

Извештајниот период го одбележа максималното ангажирање од страна на судиите и судските службеници со што приливот беше совладан со надминување на ориентационата норма.

Исто така ке напоменеме дека во поглед на динамиката во функционирањето на Судот од објективна природа со одобрените финансиски средства и набавката на 15 компјутери значително е подобрена информатичката опрема, со што е подобрен капацитет и спроведувањето на дејствијата во програмата АКМИС и влијанието врз функционирањето на целокупното работење на Судот.

**Претседател на Основен суд Радовиш**
**Костадин Петров**